# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ОХРИД


| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | О Х Р И Д<br>29.06.2016 год.<br>БРОЈ 11 ГОДИНА 51 |
|---|---|


## С О Д Р Ж И Н А


| Реден број | Име на одлука | Страна |
|---|---|---|
| 1. | Одлука за усвојување на измените и дополнувањата на Годишната Програма за поставување на урбана опрема во општина Охрид за 2016 година. | 2 |
| 2. | Одлука за организирање на режимот на сообраќај на дел од територијата на општина Охрид. | 11 |
| 3. | Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти. | 16 |
| 4. | Одлука за утврдување потреба од донесување на проект за инфраструктура за пешака патека „Канал Студенчишта - х.Парк“. | 18 |
| 5. | Одлука за утврдување потреба од донесување на прект за инфраструктура за пешачка патека Табана - Канео - Лабино. | 19 |
| 6. | Одлука за ажурирање на проценката на загрозеност на подрачјето на општина Охрид од сите ризици и опасности. | 20 |
| 7. | Одлука за давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈП„Градски гробишта“ Охрид за прием на работници на определено работно време. | 20 |
| 8. | Одлука за давање согласност на Одлуката за изменување на Статутот на ЈП„Нискоградба Охрид“ - Охрид. | 22 |
| 9. | Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на годишниот план за вработување во ЈП„Нискоградба Охрид“ - Охрид за 2017 година и Одлуката за изменување и дополнување на годишниот план за вработување во ЈП„Нискоградба Охрид“ - Охрид за 2017 година. | 24 |
| 10. | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП бр.2477/1 КО Коњско. | 26 |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗМЕНИТЕ И ДОПОЛНУВАЊАТА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА ВО ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2016 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на измените и дополнувањата на Годишната Програма за поставување на урбана опрема во општина Охрид за 2016 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.06.2016 година.

**Број 09-9609/3** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.06.2016 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **д-р Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.06.2016 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗМЕНИТЕ И ДОПОЛНУВАЊАТА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА ВО ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2016 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВААТ** измените и дополнувањата на годишната Програма за поставување на урбана опрема во општина Охрид за 2016 година.

**Член 2**

Измените и дополнувањата на годишната Програма за поставување на урбана опрема во општина Охрид за 2016 година, изработени од ТД ДБ СТИЛ Ко ДООЕЛ Охрид со технички број 03/16 од јуни 2016 година, содржат текстуален дел и графички прилог и истите се составен дел на оваа Одлука.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-9609/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.06.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

2016 година

**I. ПРОЕКТНА ПРОГРАМА**

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА НА ЈАВНИ ПОВРШИНИ НА ГРАДЕЖНО ИЗГРАДЕНО И УРЕДЕНО ЗЕМЈИШТЕ ВО ГРАДСКОТО ПОДРАЧЈЕ НА ОХРИД И ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД 2016** ГОДИНА

**1.ВОВЕД**

Изменувањето и дополнувањето на Годишната програма за поставување на урбана опрема да се изработи во согласност со Законот за градење ("Службен.весник на РМ" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16 и 31/16) и Законот за изменување и дополнување на Законот за градење ("Службен.весник на РМ" бр. 39/16), поточно согласно член 80 и 80-а од наслов В Одобрение за градба, поднаслов 11, Времени објекти и урбана опрема, односно член 2, точка 4 од наслов I.

Урбаната опрема да се планира да се постави на јавни површини на градежно изградено и уредено земјиште, водејќи сметка да не се наруши основната намена на просторот и безбедноста на сообра]ајот, односно треба да се уреди на земјиште сопственост на Република Македонија, со изградена инфраструктура во градското подрачје на Охрид, како и надвор од градот во подрачјето на Општина Охрид.

Исто така, Изменувањето и дополнувањето на Годишната програма за поставување на урбана опрема во Општина Охрид треба да биде изработена во согласност со Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" 199/14, 44/15, 193/15 и 31/16), Законот за за[тита на културното наследство ("Службен весник на РМ" број 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15 и 192/15), како и Законот за прогласување на старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење ("Службен весник на РМ " бр.47/11 и 154/15).

Изработената планска документација понатака треба да претставува основа за изработка на техничка документација за издавање на одобрение за поставување на урбана опрема.

**2. ПРОГРАМСКИ БАРАЊА**

Со ова Изменување и дополнување на годишна програма за поставување на урбана опрема треба да се дефинираат / утврдат бројот, видот и големината на урбана опрема, како и локациите каде може да се постави:

- Терени за фитнес;



e-mail: sovet@ohrid.gov.mk

ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ на ГОДИШНА ПРОГРАМА
за поставување на урбана опрема во Општина Охрид

2016 година

Програмата проследена со текстуален дел и графички прилози треба да ја опфати целата територија на Општина Охрид, во градот, како и надвор од градот за поставување на Урбаната опрема.

Во текстуалниот дел да се даде опис и образложение за поставување на урбана опрема, поединечно за сите видови урбана опрема со опис на локации.

Графичкиот прилог треба да содржи графички приказ на локации со легенда за секој тип на урбана опрема.

Сектор за урбанизам и
управување со градежно земјиште

2016 година

# ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА НА ЈАВНИ ПОВРШИНИ НА ГРАДЕЖНО ИЗГРАДЕНО И УРЕДЕНО ЗЕМЈИШТЕ ВО ГРАДСКОТО ПОДРАЧЈЕ НА ОХРИД И ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД 2016 ГОДИНА

Годишната програма за поставување на урбана опрема во Општина Охрид 2016 година е донесена со одлука бр. 08-17635/30 од 25.12.2015 година од страна на Советот на Општина Охрид, додека **Изменувањето и дополнување** на Годишната програма за поставување на урбана опрема во Општина Охрид е донесена со одлука бр. 08-2815/7 од 02.12.2016 година од страна на Советот на Општина Охрид.

**Ова второ Изменување и дополнување** на Годишната програма за поставување на урбана опрема во Општина Охрид, како и Годишната програма за поставување на урбана опрема во Општина Охрид се изработува во согласност со Законот за градење ("Службен.весник на РМ" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16 и 31/16) и Законот за изменување и дополнување на Законот за градење ("Службен.весник на РМ" бр. 39/16), Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ 199/14, 44/15, 193/15 и 31/16), Законот за заштита на културното наследство ("Службен весник на РМ" број 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14 и 199/14, 104/15, 154/15 и 192/15), како и Законот за прогласување на старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење ("Службен весник на РМ" бр.47/11 и 154/15).

Изменувањето и дополнувањето се врши како во текстуалниот дел, така и во графичките прилози.
Во текстуалниот дел се менува, односно дополнува точката 4, а во подточката 4.3. Урбана опрема во функција на туристички, културни и спортски настани се додава нов член 4.3.5, Терени за фитнес, додека подточката 4.3.5 станува подточка 4.3.6 Мобилни реклами.

**Точка 4. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНАТА ОПРЕМА се дополнува и таа гласи :**

## 4. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНАТА ОПРЕМА

Програмата проследена со текстуален дел и графички прилози се однесува на одредување на површини во Охрид во најатрактивното подрачје кое е најпосетено од туристите, како и површини надвор од градот за поставување на Урбана опрема, према член 2, точка 4 од Општите одредби



e-mail: sovet@ohrid.gov.mk

на Законот за градење ("Службен.весник на РМ" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16 и 31/16) и Законот за изменување и дополнување на Законот за градење ("Службен.весник на РМ" бр. 39/16).

Урбана опрема дефинирана со овој член се смета опрема за продажба на билети за јавен превоз, весници, сувенири, цвеќиња, храна, сладолед, телефонски говорници, автобуски постојки, типски објекти за обезбедување кои се во функција на дипломатско конзуларни претставништва, на објекти на државната управа и на резиденцијални објекти, опрема во функција на туристички, културни и спортски настани, јавни санитарни јазли, тераси со и без настрешници, платформи за разни манифестации на копно и на водна површина, покриени и непокриени шанкови, пливачки објекти, паркинзи во функција на објекти на органите на државна управа и на објекти на општините, рекламни и информативни паноа, детски игралишта, настрешници кои се поставуваат на јавна површина, фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци.

Поради специфичноста на самиот град Охрид и Општина Охрид, како туристички центар, се предвидуваат, односно потврдуваат површини за поставување на урбана опрема, која во изминатите години е поставувана на одредени локалитети, бидејќи е согледано дека е потребна за забава, уживање и рекреација на жителите и посетителите. Тоа се површините наменети за забава на отворено, забава во затворен простор, забава во отворен - затворен простор (за разни спортски активности), наткривање на постојни и нови ( спортски ) кошаркарски, ракометни и сл. игралишта и простори во зимски период со импрегнирано платно ("балони"- прицврстени за теренот), терени за фитнес,поставување на туристички инфо центри, културни инфо центри и touch screen уреди (со цел на посетителите на град Охрид да им се обезбеди полесен пристап до информации за целокупна туристичка и културна понуда), површини определени за поставување на превозни средства кои не ја загадуваат околината за рекреација и разгледување на градот (точак на четири тркала, подвижен паб и сл.), велосипедски терминали - наткриени, типска опрема за продажба на книги, уметнички дејности (уметнички слики, народни ракотворби, честитки и сл.), јарболи за поставување на знаме на државите кои имаат или ќе отворат конзуларни претставништва во градот, продажна опрема, поставување на унифицирана урбана опрема за време и пред одредени празници, како и во период на одржување на разни презентации, настани или манифестации, одредување простор за мобилни реклами и презентации, поставување на рампи (влезни и излезни) за да се обезбеди непречено движење на возила и пешаци (режим во сообраќајот), наплатни пунктови за паркирање, поставување на урбана опрема на плажите, простор предвиден за поставување на лежалки со чадори, натстрешници,

балдахини, кабини за пресоблекување и тушеви, сервисен пункт, простор за оставање на лежалки и чадори, рекреативно - авантуристички парк, површини наменети за поставување на урбана опрема за продажба на храна - мини (зелени) пазари и сл.

Дополнителна урбана опрема, за поставување на типска опрема за продажба, односно презентација или манифестација, надвор од наведеното, по барање на правни и физички лица, како и за потребите на Јавните комунални претпријатија или Локалната самоуправа од Охрид можно е со дополнителен предлог, кој би се донел со одлука на Советот на Општина Охрид на некоја наредна Седница.
За поставување на урбана опрема советот на општината, советите на општините во градот Скопје и Советот на градот Скопје донесуваат програма со која се утврдува бројот, видот и големината на урбаната опрема, како и локациите и објектите на кои можат да се постават истите.

**- Во подточката 4.3. се додава нов член 4.3.5. и сега таа гласи**

**4.3. Урбана опрема во функција на туристички, културни и спортски настани**
**4.3.1. Урбана опрема (забава на отворено)**

- Површина за поставување на реквизити за детско игралиште, е планирано на Спортскиот центар "Билјанини извори", графички прилог бр. 13 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 12),

- На дел од улица "1-ви Мај" која е забранета за сообраќај, графички прилог бр. 7 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 6),

- Површина од околу 400 м2 за лизгалиште на мраз на плоштадот "Свети Климент Охридски", графички прилог бр. 3 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 2);

- Површина од околу 260 м2 за фудбал на песок ("плажа Лагадин"), графички прилог бр. 34;

- Површина од околу 90 м2 за одбојка на песок ("плажа Лагадин"), графички прилог бр. 34;

- Површина од околу 300 м2 за поставување на детски реквизити ("плажа Лагадин"), графички прилог бр. 34;



e-mail: sovet@ohrid.gov.mk

- Површина од околу 1400 м2 за поставување на лежалки со чадори ("плажа Лагадин"), графички прилог бр. 34;

- Површина од околу 30 м2 за поставување на кабини за пресоблекување со тушеви ("плажа Лагадин"), графички прилог бр. 34;

- Површина од околу 35 м2 за оставање на лежалки и чадори ("плажа Лагадин"), графички прилог бр. 34;

Дополнителни локации на територијата на Општина Охрид ќе бидат одредени од страна на Секторот за урбанизам и управување со градежното земјиште при Локалната Самоуправа, по нивно согледување, по поднесено барање на правни и физички лица.

### 4.3.2. Забава во затворен (наткриен ) простор

- Површина за поставување на опрема за одржување на циркуски вештини, е планирана на спортскиот центар "Билјанини извори", графички прилог бр. 13 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 12).

### 4.3.3. Забава на отворен - затворен простор - "балони"

Поставување на "балони" од импрегнирано платно (прицврстени за теренот), односно наткривање на постојните и новопредвидени отворени спортски и рекреативни терени - кошаркарски, ракометни и сл. игралишта, и простори, во зимски период, заради заштита од надворешни влијанија.

Предвидено е наткривање на дел од фудбалското игралиште во УЗ Воска, додека дел од дворното место кое се користи за спортски натпревари на Основното училиште Глигор Прличев веќе е наткриен со "балон".

Дополнителни локации за поставување на "балони" на територијата на Општина Охрид ќе бидат одредени од страна на Секторот за урбанизам и управување со градежното земјиште при Локалната Самоуправа, по нивно согледување, по поднесено барање на правни и физички лица.

### 4.3.4. Презентација

Поставување на унифицирана урбана опрема за време и пред одредени празници, туристички, културни и спортски настани како и во период на одржување на разни манифестации и презентации,

- Просторот непосредно до брегот на Охридското Езеро, пред зидините "Охридска крепост Долна Порта, јужен дел"- комплекс Табана е планиран за одржување на вакви настани, графички прилог бр. 3 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 2);

- На плоштадот "Крушевска Република", графички прилог бр. 4 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 3), како и во графички прилог бр. 4 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 3);

**4.3.5. Терени за фитнес**

Поставување на урбана опрема за спорт и рекреација на посетителите, како и за спортски настани.

- Просторот непосредно до брегот на Охридското Езеро и патеката за Горица (прех Хотел "ЛЕБЕД") е планиран за терен за фитнес, графички прилог бр. 11 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 10);

- Просторот непосредно до брегот на Охридското Езеро и патеката за Горица (плажа "БЕЛАВИСТА") е планиран за терен за фитнес, графички прилог бр. 14 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 13);

Дополнителни локации за поставување на терени за фитнес на територијата на Општина Охрид ќе бидат одредени од страна на Секторот за урбанизам и управување со градежното земјиште при Локалната Самоуправа, по нивно согледување, по поднесено барање на правни и физички лица.

**- Подточката 4.3.5 станува 4.3.6.**

**4.3.6. Мобилни реклами**

Lokacii za postavuvawe - parkirawe na podvi`na urbana oprema - prevozni sredstva vo funkcija za reklamirawe.

- На проширениот простор на кејот на Охридското Езеро, пред пристаништето - графички прилог бр. 3 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 2).

- На паркингот до споменикот на "Кирил и Методи" - графички прилог бр. 7 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 6).

- Резервиран простор за оваа намена е на плоштадот "Крушевска Република" - графички прилог бр. 4 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 3) - поставен).

**ПЛАНЕРИ:**

Соња Филдишева, диа

____________________

Јован Милошески, диа

____________________

**Број 08-9609/3-1**
**28.06.2016 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА РЕЖИМОТ НА СООБРАЌАЈ НА ДЕЛ ОД ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за организирање на режимот на сообраќај на дел од територијата на општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.06.2016 година.

**Број 09-9609/4**
**28.06.2016 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**д-р Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 6 од Законот за безбедност во сообраќајот на патиштата („Сл.весник на РМ“ бр.54/2007), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.06.2016 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА РЕЖИМОТ НА СООБРАЌАЈ НА ДЕЛ ОД ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа Одлука се регулира режимот на сообраќај на дел од територијата на општина Охрид.

**Член 2**

**Улици затворени за моторен сообраќај се определуваат:**

- улицата „Кеј Македонија“ од пресекот со кружниот тек на сообраќај до пресекот со ул.„ВанчоНиколески“ **(важи за периодот од 01 Јули до 31 Август),** освен за возилата на МВР, АРМ, брза помош, противпожарни возила и други возила со специјална намена;
- улицата „Ванчо Николески“ од пресекот со ул.„Партизанска“ до ул.„Кеј Македонија“ (**важи за периодот од 01 Јули до 31 Август),** освен за возилата на МВР, АРМ, брза помош, противпожарни возила и други возила со специјална намена;
- пешачката патека од „Центарот за обука на вода“ до Горица преку цела година, освен за возилата на МВР, АРМ, брза помош, противпожарни возила и други возила со специјална намена. Истата ќе биде ограничена и обележана со соодветна вертикална и хоризонтална сигнализација.

**Член 3**

**За еднонасочни улици се определуваат:**

- ул.„Гоце Делчев“ од пресекот на оваа улица со ул.„Абас Емин“ во насока према Струга, па се до пресекот со ул.„Стив Наумов“,
- ул.„Стив Наумов“ од пресекот на оваа улица со ул.„Гоце Делчев“ во насока према ул.„Пере Тошев“, до пресекот со ул.„Пере Тошев“,

- Бул.„Македонски Просветители“ и тоа од пресекот на улицата со ул.„Димитар Влахов“ во насока према езеро до пресекот со ул.„Партизанска“,
- ул.„Дејан Војвода“ од ул.„Пирин Планина“ до ул.„Абас Емин“,
- ул.„Дејан Војвода“ од Бул.„Македонски Просветители“ до ул.„Абас Емин“,
- ул.„Димитар Влахов“ од пресекот на оваа улица со ул.„Јане Сандански“ во насока према улицата Бул.„Македонски Просветители“ до пресекот со улица Бул.„Македонски Просветители“,
- ул.„Партизанска“ од пресекот на оваа улица со Булевар „Македонски Просветители“ во насока према ул.„Јане Сандански“, до пресекот со ул.„Јане Сандански“,
- ул.„Даме Груев“ од пресекот на оваа улица со Булевар „Македонски Просветители“ во насока према ул.„Бул.Туристичка“ до пресекот со ул.„Бул.Туристичка“,
- ул.„Ванчо Николески“ од пресекот со ул.„Партизанска“ во насока према ул.„Димитар Влахов“, се до пресекот со ул.„Димитар Влахов“,
- ул.„Кузман Јосифоски-Питу“ од пресекот со ул.„Димитар Влахов“ во насока према ул.„Партизанска“ до пресекот со ул.„Партизанска“,
- ул.„Цар Самоил“ од пресекот со ул„Коста Абраш“ до ресторанот „Св.Софија“ во насока према црквата „Св.Софија“. Оваа улица се прогласува за „подрачје на смирен сообраќај“ каде движењето на целиот сообраќај се ограничува на брзина на движење на пешаците.
- Ул.„Коста Абраш“ од пресекот со ул.„Цар Самоил“ во насока према кружен тек на сообраќај па се до хотелот „Александрија“. Оваа улица се прогласува за „подрачје на смирен сообраќај“ каде движењето на целиот сообраќај се ограничува на брзина на движење на пешаците.
- дел од ул.„НовоПроектираната 1’’ и тоа од пресекот на оваа улица со улицата „Партизанска“ па се до пресекот со улицата „Димитар Влахов“ што поминува покрај „Тутунска Банка“ и тоа во насока према ул.„Димитар Влахов“,
- Дел од улицата „Кеј Македонија“ од пресекот на оваа улица со улицата „Јане Сандански“ па се до пресекот на оваа улица со улицата „АСНОМ“ гледано во насока према улица „АСНОМ“,
- Ул.„Спас Банџов“ од пресекот со ул.„Кеј Македонија“ во насока према ул.„Партизанска“ до пресекот со ул.„Партизанска“,
- Ул.„8 Септември“ од пресекот со ул.„Сирма Војвода“ во насока према ул.„Никола Карев“ до пресекот со ул.„Никола Карев“,
- Ул.„Лазо Трпоски“ од пресекот со ул.„Галичица“ во насока према ул.„Сирма Војвода“ до пресекот со ул.„Сирма Војвода“,
- Ул.„Караорман“ од пресекот со ул.„ Димитар Влахов“ во насока према Бул.„Туристичка“ до пресекот со Бул.„Туристичка“,
- Ул.„Јане Сандански“ од ул.„Партизанска“ до ул.„Кеј.Македонија“ гледано во правец на езерото, во временскиот приод од 01.07.2016 година до 31.08.2016 година. По завршувањето на овој период повторно ќе биде разгледано решението на овој потег.

**Член 4**

На ул.„К.Јосифоски-Питу“ и тоа во делот каде што ќе се одвива еднонасочен сообраќај паркирањето ќе е под аголот од 60$^o$ и тоа од десната страна гледано во насока на движење.

На ул.„К.Јосифоски-Питу" во делот од ул.„Партизанска" до „Кеј Македонија“ паркирање ќе е под агол од 60$^o$ од лева страна гледано во насока кон езерото.

На ул.„Јане Сандански" во делот од ул.„Партизанска" до „Кеј Македонија“ паркирање ќе е од десната страна гледано кон езерото (косо паркирање) под агол од 60$^o$.

На ул.„Марко Цепенков“ во насока од кружниот тек Болница до кружен тек со ул.„Момчило Јорданоски“ паркирањето ќе се врши надолжно само од десната страна на улицата.

На дел од ул.„Гоце Делчев“ и тоа во делот каде што ќе се одвива еднонасочен сообраќај паркирањето ќе се врши надолжно од левата страна од такси станицата па се до пресекот со ул.„Стив Наумов“ гледано во насока према ул.„Стив Наумов“.

На дел од ул.„Партизанска“ и тоа од пресекот на оваа улица со ул.„Јане Сандански“ па се до пресекот со ул.„АСНОМ“, паркирањето ќе се врши надолжно само од десната страна гледано во насока према ул.„АСНОМ“ .

На дел од ул.„АСНОМ“ и тоа од пресекот со Булевар „Туристичка“ па се до пресекот со „Кеј Македонија“ паркирањето ќе се врши надолжно само од десната страна гледано во насока према „Кеј Македонија“.

На улиците „Кирил и Методи“, „Пирин Планина“, „Абас Емин“ на потег од Бул.„Туристичка“ до „Гоце Делчев“, „Серафим Китаноски“, „Илинденска“, „Коста Абраш“, „Цар Самоил“, „Кузман Капидан“, „Кочо Рацин“, „Климентов Универзитет“, „Аргир Маринчев“, се забранува запирање и паркирање на возила, освен за дотур и дистрибуција на стоки во временскиот интервал од 05:00 часот до 10:00 часот.

**Член 5**

**Како паркинг простори каде паркирањето ќе се врши со наплата, согласно Одлуката за отстапување на користење на паркинг простори од општина Охрид на ЈП„Билјанини Извори“ Охрид бр.07-8141/17 од 25.12.2013 година, се определуваат:**

- Паркинг плац кај стара Стоковна куќа;
- Два паркинг простори во Лагадин;
- Паркинг просторот кој се протега на дел од Бул.„Македонски Просветители“од пресекот на ул.„Булевар Туристичка“ до крај заедно со кружниот тек на сообраќај;
- Ул.„Партизанска“ по цела должина (од двете страни) заедно со паркингот „Ривиера“;
- Ул.„Кеј Македонија“ по цела должина (освен од 01 Јули до 31 Август) кога е затворена за сообракај;
- Ул.„Димитар Влахов“ до пресек за влез на задната страна од „Кјуби Македонија“, должина околу 50 м. лево пред Бул.„Македонски Просветители“ (од лева страна);
- Ул.„Кузман Јосифоски Питу“ по цела должина (на паркинг просторот означен со хоризонтална и вертикална сигнализација);
- Новопроектирана улица кај стара автобуска станица од пресек со ул.„Партизанска“ до пресек со ул.„Димитар Влахов“;
- Ул.„Ванчо Николески“ по цела должина (на паркинг просторот означен со хоризонтална и вертикална сигнализација);
- Ул.„АСНОМ“ од пресекот со ул.„Булевар Туристичка“ до пресекот со „Кеј Македонија“ од десната страна гледано во правец на езерото;
- Ул.„Бул. Туристичка“;
- На ул.„Јане Сандански" во делот од ул.„Партизанска" до „Кеј Македонија“ паркирање од десната страна гледано кон езерото (косо паркирање) под агол од $60^{o}$.

**Член 6**

**Како времени паркинг места каде паркирањето ќе се врши без наплата се определуваат следните локации:**

- Паркинг просторот пред Горна Порта од десната страна,
- Паркинг просторот од десната страна на ул.„Караорман“, од ул.„Димитар Влахов“ до „Бул.Туристичка“ покрај Гимназијата,
- Паркинг просторот кај амбуланта „Маларична“,
- Паркинг просторот на левата страна од улицата „Јане Сандански“ наспроти „Комерцијална банка“,
- Паркинг просторот пред ОУ„Братство и Единство“ на ул.„7-ми Ноември“,
- Новоизграден паркинг кај месноста „Долни Сарај“,
- Паркинг просторот пред куќата „Уранија“,
- Паркинг просторот кај Антички театар и над Антички театар,
- Прв паркинг простор на ул.„Илинденска“,
- Паркинг просторот кај црква „Св.Варвара“ на ул.„Илинденска“.

**Член 7**

На ул.„Цар Самоил’’, ул.„Коста Абраш“ и ул.,Илинденска“ се забранува секаков вид на моторен сообраќај освен за жителите на Стар Град во временски интервал од 05 часот до 19 часот, при што целиот овој простор ќе се користи како пешачка зона поврзана со чаршијата и Кеј „Македонија“ во период од 01 Јули до 31 Август.

Во периодот од 19 часот до 05 часот на крајот од Булевар „Македонски Просветители “ (кружен тек -плоштад) ќе се постават подвижни столбчиња за безбедно да се одвива пешачкиот сообраќај, а на раскsницата на Булевар „Македонски Просветители“ со улица „Партизанска“, кај Горна Порта, „Каменско“ и „Света Софија“ ќе има физичко присуство или подвижни столбчиња за регулирање на сообраќајот од 01 Јули до 31 Август.

Во периодот од 19.00 до 05.00 часот на кружниот тек, ул.„Илинденска“, ул.„Цар Самоил“, ул.„Коста Абраш“ се забранува секаков вид на сообраќај.

Снабдувањето на објектите во Стар Град и централното градско подрачје да се врши во времето од 05.00 часот до 10.00 часот во кое време заради снабдување на објектите ќе можат да се движат товарни моторни возила чија што вкупна тежина не надминува 5 тони, а на улица ,,Коста Абраш“ со дозволена висина од 2.3m. На наведениот простор, со исклучок, да се движат специјални комунални возила, возила на МВР, АРМ, санитетски возила, погребни возила и ППЗ возила.

Улиците „Св.Климент Охридски“ (кружен тек), „Коста Абраш“, „Цар Самоил“ и „Илинденска“ се просгласуваат за „зони на смирен сообраќај“ при што брзината на движење се ограничува на брзина на движење на пешаци.

Улицата „Св.Климент Охридски“ (чаршијата), Плоштадот „Крушевска Република“, Чинар, ул.„Гоце Делчев“ (стара чаршија) се забрануваат за сообраќај преку целата година.

**Член 8**

Во стариот дел од градот движењето на возила е дозволено само за жителите на Стар Град кои ќе добијат специјални налепници за движење на возила во периодот од 01 Јули до 31 Август.

Специјалните налепници ќе се издаваат во Секторот за комунални дејности, сообраќај и улици при општина Охрид, само на жителите од Стар Град кои поседуваат важечка лична карта и сопствено моторно возило со важечка сообраќајна дозвола, регистрирано на адреса од улица која се наоѓа во овој дел од градот и истите ќе се заведуваат во регистар за издадени налепници.

Специјалните пропусници и налепници ќе се издаваат на лица кои согласно важечката лична карта не се жители на овој дел од градот или воопшто на град Охрид, но во своја

сопственост поседуваат куќа во тој дел на градот, по претходно нивно барање. Во барањето да приложат доказ за сопственост на недвижен имот во тој дел на градот како и доказ дека во склоп на нивната катастарска парцела го има решено просторот за паркирање. На овие лица ќе им се издава толкав број на пропусници за колку го имаат решено просторот за паркирање.

**Член 9**

Велосипедски патеки за движење на велосипедисти се формираат на:

1. **„Бул.Македонски Просветители“** (се протега од „Бул.Македонски Просветители“ и тоа од крстосницата со „Бул.Туристичка“ па се до ул.„Кеј Македонија“ од десната страна во насока према езерото);
2. **„Кеј Македонија“** (се протега од пресекот со ул.„Бул.Македонски Просветители“ па се до спој со ул.„АСНОМ“ од левата страна гледано во насока према ул.„АСНОМ“);
3. **Ул.„Димитар Влахов“** (се протега од пресекот со ул.„Јане Сандански“ до „Бул.Македонски Просветители“ од десната страна гледано во насока према „Бул. Македонски Просветители“);
4. **Ул.„Кузман Јосифоски Питу“** (се протега од пресекот со ул.„Кеј Македонија“ до ул.„Димитар Влахов“ и тоа се движи од лева страна до ул.„Партизанска“, а од ул.„Партизанска“ до ул.„Димитар Влахов“ преминува од десна страна гледано од „Кеј Македонија“ према ул.„Димитар Влахов“);
5. **Ул.„Ванчо Николески“** (се протега од пресекот со ул.„Кеј Македонија“ до ул.„Партизанска“ од десната страна гледано во насока од „Кеј Македонија“ према ул.„Партизанска“;
6. **Ул.„Партизанска“** (се протега од пресек со ул.„Ванчо Николески“ до пресек со ул.„Јане Сандански“ од левата страна гледано од ул.„Ванчо Николески“ према ул.„Јане Сандански“);
7. **Ул.„АСНОМ“** (се протега од пресекот со „Кеј Македонија“ до „Бул. Туристичка“ од десната страна гледано од „Кеј Македонија“ према „Бул. Туристичка“).

**Член 10**

Автобускиот сообраќај кој се одвива по ул.„Гоце Делчев“ кон центарот на градот се пренасочува по ул.„Бистрица“ кон ул.„Бул. Туристичка“. Автобусите кои сообраќаат во насока према Струга да се движат по ул.„Бул.Туристичка“, надвозник и Магистралниот патен правец (М5), а кај с.Подмоље да се приклучуваат на стариот пат за Струга односно Регионалниот патен правец (Р420). По дел од ул.„Абас Емин“ и целата должина на ул.„Гоце Делчев“ да сообраќаат само комби возила.

Автобускиот сообраќај се забранува на делот од „Бул. Туристичка“ до ул.„Гоце Делчев“.

На „Булевар Туристичка“ се забранува запирање и паркирање на секаков вид на автобуски, минибуски и комби превоз на патници, освен на учесниците во општинскиот линиски превоз на патници согласно регистрираниот возен ред.

На „Булевар Туристичка“ се забранува запирање и паркирање на товарни моторни возила вклучувајки и товарни комби возила кои се користат за дотур и дистрибуција на стоки, освен во временскиот интервал од 05:00 часот до 10:00 часот секој ден кога е дозволен дотурот и дистрибуцијата на стоките.

Во централното градско подрачје дозволено е да се движат автобуси предводени од туристичка агенција со претходно добиена согласност од Општина Охрид, по Бул.„Македонски Просветители“ од пресек со ул.„Булевар Туристичка“ до кружниот тек и кои автобуси можат да се задржат краток временски период на кружниот тек доволен за качување и слегување на патниците.

Автобусите кои сообраќаат во централното градско подрачје можат да бидат паркирани на соодветно место, односно на полигонот за мали спортови, каде паркирањето ќе се врши со наплата.

**Член 11**

Сите товарни моторни возила кои се движат по стариот пат од насока на Струга на влезот во Охрид да се пренасочат по обиколниот пат „Распаќе“ и се приклучат на ул.„Булевар Туристичка“.

**Член 12**

На улицата „Крум Точко“ ќе се одвива двонасочен сообраќај со предност на минување на возилата од спротивен правец од Дрвара према Горна Порта.

**Член 13**

На останатите улици и деловите од улиците сообраќајот ќе се одвива по постојниот режим (двонасочен сообраќај), со усогласена хоризонтална и вертикална сигнализација.

**Член 14**

Надлежните служби на Локалната самоуправа да извршат усогласување на хоризонталната и вертикалната сигнализација согласно предложениот режим на сообраќај.

**Член 15**

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за организирање на режимот на сообраќај на дел од територијата на општина Охрид бр.08-7951/9 од 11.06.2015.

**Член 16**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид.

**Број 08-9609/4** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.06.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РАБОТНОТО ВРЕМЕ НА УГОСТИТЕЛСКИТЕ ОБЈЕКТИ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.06.2016 година.

**Број 09-9609/5** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.06.2016 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **д-р Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 23 став 1 точка 3 и 4 и став 3 од Законот за угостителска дејност („Сл.весник на РМ“ бр.62/04, 89/08, 115/10 и 53/11), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.06.2015 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РАБОТНОТО ВРЕМЕ НА УГОСТИТЕЛСКИТЕ ОБЈЕКТИ**

**Член 1**

Се продолжува работното време на угостителските објекти за исхрана без оглед на видот на угостителските услуги, за 2 часа во деновите:

- 1, 2, 3, и 31.07.2016 година
- 1, 2, 5, 6 и 7.08.2016 година
- 8, 9 и 10.09.2016 година.
-

**Член 2**

Работното време за угостителските објекти од член 1 на оваа Одлука, се продолжува за 1 час во деновите:

- 11 и 12.07.2016 година
- 26, 27 и 28.08.2016 година
- 8, 9, 10, 22 и 23.10.2016 година
- 8, 9 и 10.12.2016 година.

**Член 3**

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката на Советот на општина Охрид бр.08-7951/7 од 11.06.2015 година.

**Член 4**

Се задолжува општинскиот инспекторат согласно Законот за заштита од бучава во животната средина, да врши континуирано мерење на бучавоста од угостителските објекти и доколку истите не се придржуваат до законски дозволената гранична вредност да следуваат прекршочни санкции согласно Закон.

Се задолжуваат угостителите на угостителските објекти да се придржуваат кон одредбите на Законот за заштита од бучава во животната средина.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-9609/5** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.06.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ПОТРЕБА ОД ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ПЕШАЧКА ПАТЕКА „КАНАЛ СТУДЕНЧИШТА – Х.ПАРК“**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за утврдување потреба од донесување на проект за инфраструктура за пешачка патека „Канал Студенчишта – х.Парк“, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.06.2016 година.

**Број 09-9609/6** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.06.2016 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **д-р Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 52 став 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.60/11), член 22 став 1 точка 1, член 36 и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.06.2016 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА УТВРДУВАЊЕ ПОТРЕБА ОД ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ПЕШАЧКА ПАТЕКА „КАНАЛ СТУДЕНЧИШТА – Х.ПАРК“

**Член 1**

Се утврдува потреба од донесување на проект за инфраструктура за инфраструктурен објект – пешачка патека „Канал Студенчишта-х.Парк”.

**Член 2**

Проектот за инфраструктура ја дефинира трасата на инфраструктурниот објект - пешачка патека „Канал Студенчишта-х.Парк”.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-9609/6** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.06.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ПОТРЕБА ОД ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ПЕШАЧКА ПАТЕКА ТАБАНА – КАНЕО – ЛАБИНО

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за утврдување потреба од донесување на проект за инфраструктура за пешачка патека Табана – Канео – Лабино, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.06.2016 година.

**Број 09-9609/7** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.06.2016 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **д-р Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 52 став 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.60/11), член 22 став 1 точка 1, член 36 и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.06.2016 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ ПОТРЕБА ОД ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ПЕШАЧКА ПАТЕКА ТАБАНА - КАНЕО - ЛАБИНО**

**Член 1**

Се утврдува потреба од донесување на проект за инфраструктура за инфраструктурен објект - пешачка патека Табана – Канео – Лабино.

**Член 2**

Проектот за инфраструктура ја дефинира трасата на инфраструктурниот објект - пешачка патека Табана – Канео – Лабино.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-9609/7** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.06.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА АЖУРИРАЊЕ НА ПРОЦЕНАТА НА ЗАГРОЗЕНОСТ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ОХРИД ОД СИТЕ РИЗИЦИ И ОПАСНОСТИ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за ажурирање на процената на загрозеност на подрачјето на општина Охрид од сите ризици и опасности, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.06.2016 година.

**Број 09-9609/8** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.06.2016 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **д-р Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 45 став 3 од Законот за управување со кризи („Сл.весник на РМ“ бр.29/05, 36/11), член 14 од Уредбата за Методологијата за изработка на процената на загрозеноста на безбедноста на Република Македонија од сите ризици и опасности, нејзината содржина и структура, начинот на чување и ажурирање и определување на субјектите во системот за управување со кризи на кои им се доставува целосна или извод од процената („Сл.весник на РМ“ бр.13/2011), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.06.2016 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА АЖУРИРАЊЕ НА ПРОЦЕНАТА НА ЗАГРОЗЕНОСТ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ОХРИД ОД СИТЕ РИЗИЦИ И ОПАСНОСТИ**

**Член 1**

Со оваа Одлука се отпочнува постапката за редовно ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на општина Охрид од сите ризици и опасности, изработена од Регионалниот центар за управување со кризи-Охрид и усвоена со Одлука на Советот на општина Охрид бр.07-2653/44 од 11.03.2014 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-9609/8** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.06.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП„ГРАДСКИ ГРОБИШТА“ ОХРИД ЗА ПРИЕМ НА РАБОТНИЦИ НА ОПРЕДЕЛЕНО РАБОТНО ВРЕМЕ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈП„Градски Гробишта“ Охрид за прием на работници на определено работно време, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.06.2016 година.

**Број 09-9609/9** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.06.2016 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **д-р Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 20 б и член 22 став 13 од Законот за вработените во јавниот сектор („Сл.весник на РМ“ бр.27/14, 199/14 и 27/16), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.06.2016 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП„ГРАДСКИ ГРОБИШТА“ ОХРИД ЗА ПРИЕМ НА РАБОТНИЦИ НА ОПРЕДЕЛЕНО РАБОТНО ВРЕМЕ**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за прием на работници на определено работно време, донесена од Управниот одбор на ЈП„Градски Гробишта“ Охрид бр.02-212/7 од 26.02.2016 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-9609/9**
**28.06.2016 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 19 од Статутот на Јавното претпријатие Градски Гробишта-Охрид, а во согласност со Правилникот за внатрешна организација и Правилникот за систематизација на работните места на ЈП Градски Гробишта-Охрид, Управниот одбор на Јавното претпријатие на седницата одржана на 26.02.2016 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**За прием на работници на определено работно време**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба од прием на работници на определено работно време.

**Член 2**

Се утврдува потреба од вработување на 3 (три) извршители на определено работно време Општ комунален работник.

**Член 3**

Се утврдува потреба од вработување на 1 (еден) извршител на определено работно време за работно место Инкасатор.

**Член 4**

Се овластува работоводниот органа на ЈП Градски Гробишта-Охрид да ги превземе сите со закон утврдени активности, потребни за реализирање на оваа Одлука.

**Член 5**

Оваа Одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

**Управен Одбор на ЈП „Градски Гробишта“ Охрид**
**Претседател,**
**Никола Савиќ,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ЈП„НИСКОГРАДБА ОХРИД“ – ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност на Одлуката за изменување на Статутот на ЈП„Нискоградба Охрид“ – Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.06.2016 година.

**Број 09-9609/10** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.06.2016 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **д-р Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96...41/2014), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.06.2016 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ЈП„НИСКОГРАДБА ОХРИД“ - ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за изменување на Статутот на ЈП„Нискоградба Охрид“ - Охрид, донесена од Управниот одбор на ЈП„Нискоградба Охрид“ - Охрид бр.02-548/5 од 18.05.2016 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-9609/10** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.06.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 19 од Законот за Јавни претпријатија, како и врз основа на член 17 од Статутот на ЈП НИСКОГРАДБА ОХРИД - Охрид, Управниот одбор на седница одржана на ден **18.05.2016** година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за измена на Статутот на ЈП НИСКОГРАДБА ОХРИД - Охрид**

**член 1**

Се менува член 27 став 3 од Статутот на ЈП Нискоградба Охрид и истиот ќе гласи:
**‘‘ Дејноста се врши во следните организациони делови:**

**Дирекција – работоводен орган**
**I. Сектор за правни работи**
I.1. Одделение за правни работи
I.2. Одделение за управување со човечки ресурси
**II. Сектор за заеднички работи**
II.1. Одделение за јавни набавки
II.2. Одделение за финансиско - сметководствени работи
**III. Сектор за технички работи**
III. 1. Одделение за планирање, инвестиции и развој
III. 2. Одделение за безбедност и здравје при работа
**IV. Сектор за водовод и канализација**

IV.1. Одделение за водовод и канализација
IV.2. Одделение за канализациони објекти, инсталации, улици и патишта
**V.Сектор за механизација**
V.1. Одделение за водовод и канализација
V.2. Одделение за градежна механизација и возен парк**“.**

**член 2**

Се задолжува стручната служба во ЈП НИСКОГРАДБА ОХРИД - Охрид да изготви пречистен текст на Статутот.

**член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на добивање согласност од страна на основачот, Советот на општина Охрид.

Д.Н:
- Архива
- Совет на општина Охрид

**Управен одбор**
**Заменик Претседател**
**Николина Ристоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ВО ЈП„НИСКОГРАДБА ОХРИД“ - ОХРИД ЗА 2017 ГОДИНА И ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ВО ЈП„НИСКОГРАДБА ОХРИД“ - ОХРИД ЗА 2017 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на годишниот план за вработување во ЈП„Нискоградба Охрид“ – Охрид за 2017 година и Одлуката за изменување и дополнување на годишниот план за вработување во ЈП„Нискоградба Охрид“ - Охрид за 2017 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.06.2016 година.

**Број 09-9609/11**
**28.06.2016 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**д-р Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 20-а од Законот за вработените во јавниот сектор („Сл.весник на РМ“ бр.199/14), член 11 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96...41/2014), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.06.2016 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ВО ЈП„НИСКОГРАДБА ОХРИД“ – ОХРИД ЗА 2017 ГОДИНА И ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ВО ЈП„НИСКОГРАДБА ОХРИД“ – ОХРИД ЗА 2017 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за усвојување на годишниот план за вработување во ЈП„Нискоградба Охрид“ – Охрид за 2017 година, донесена од Управниот одбор на ЈП„Нискоградба Охрид“ - Охрид бр.02-548/4 од 18.05.2016 година и Одлуката за изменување и дополнување на годишниот план за вработување во ЈП„Нискоградба Охрид“ – Охрид за 2017 година бр.02-686/3 од 27.06.2016 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-9609/11** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.06.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 20 -а од Законот за вработени во јавниот сектор ( Сл. весник бр. 199/14 ) и член 17 од Статутот на ЈП НИСКОГРАДБА ОХРИД - Охрид, Управниот одбор на својата седница одржана на **18.05.2016** година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За усвојување на ГодиШен план за вработување во ЈП НИСКОГРАДБА ОХРИД- Охрид за 2017**

**Член 1**

Се усвојува ГодиШниот план за вработување во ЈП НИСКОГРАДБА ОХРИД - Охрид за 2017 година.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е ГодиШниот план за вработување во ЈП НИСКОГРАДБА ОХРИД - Охрид за 2017 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила по добивање на согласност од Советот на опШтина Охрид и добиеното Мислење од Министерството за информатичко опШтество и администрација.
доставено до:

☐Архива
- Совет на опШтина Охрид
- Министерство за информатичко опШтество и администрација

**Управен Одбор**

**Заменик Претседател**
**Николина Ристоска,с.р.**

Врз основа на член 17 од Статутот на ЈП НИСКОГРАДБА ОХРИД - Охрид, Управниот одбор на својата седница одржана на **27.06.2016** година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на Годишниот план за вработување во ЈП НИСКОГРАДБА ОХРИД - Охрид за 2017 година**

**Член 1**

Се усвојуваат измените на Годишниот план за вработување во ЈП НИСКОГРАДБА ОХРИД - Охрид за 2017 година.

**Член 2**

Се врши измена во ДЕЛ 1. Сосотојба во тековната година, и тоа во Табела 1 ред б - Планирани пензионирања и најавени заминувања во тековната година ( заклучно со 31 Декември тековната година ), и тоа во коланата **ВКУПНО** наместо број 4 треба да биде **0 ( нула )**, и во колоната **МАКЕДОНЦИ** наместо 4 треба да биде **0 ( нула )**.

Се врши измена во Табелата 1 ред в - Планирани нови вработувања во тековната година ( заклучно со 31 Декември тековната година ), и тоа во колона **ВКУПНО** наместо 10 треба да биде **9 ( девет )**, во колоната **МАКЕДОНЦИ** наместо 9 треба да биде **8 (осум)**.

Се врши измена во ред г - Планирана бројна сосотојба на 31 Декември тековната година, и тоа во колоната **ВКУПНО** наместо 114 треба да биде **117**, а во колоната **МАКЕДОНЦИ** наместо 97 треба да биде **100**.

**Член 3**

Се врши измена во ДЕЛ 2. Планирани движења на кадарот во следната година, и тоа во табела 4. Планирано испразнување на работни места преку пензионирање и најавени заминувања во следната година, во вториот ред од табелата се врши **дополнување** на бројката **4**.

**Член 4**

Се врши измена во ДЕЛ 3. Планирани нови вработувања во следната година, и тоа во Табела 6. Планирано пополнување на работни места преку нови вработувања во следната година, и тоа во вториот ред од табелата има промена во бројката на нови вработувања и тоа наместо 29 треба да биде **10**.

Во истата табела 6. кај ред. бр. 2 Советник за правни работи, во последната колона треба да биде внесен износ од **264.444,00 денари**.

Во табела 8 Податоци кои се внесуваат во онлајн калкулаторот " Балансер ", во редот а - Стартна позиција за годината на која се однесува планот во колоната **ВКУПНО** треба наместо 114 да биде **117**, и во колоната **МАКЕДОНЦИ** наместо 97 да биде **100**.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила по добивање на согласност од Советот на општина Охрид и добиеното Мислење од Министерството за информатичко општество и администрација.

Доставено до:
☐Архива
- Совет на општина Охрид
- Министерство за информатичко
  Општество и администрација

**Управен Одбор**
**Претседател**
**Ацо Размоски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ПОТРЕБА ОД ДОНЕСУВАЊЕ УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО ЦЕЛ ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИОТ ОБЈЕКТ НА КП.БР.2477/1 КО КОЊСКО**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за утврдување потреба од донесување урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.2477/1 КО Коњско, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.06.2016 година.

**Број 09-9609/12** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.06.2016 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **д-р Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 10 став 4, член 11 став 1, член 13 и член 19 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен Весник на РМ“ бр.23/2011, 155/2012, 53/13, 72/13 и 44/14), како и член 2 став 2, 5 и 6 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен Весник на РМ“ бр.56/2011 и 162/2012), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен Весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.06.2016 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ ПОТРЕБА ОД ДОНЕСУВАЊЕ УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО ЦЕЛ ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИОТ ОБЈЕКТ НА КП.БР.2477/1 КО КОЊСКО**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потребата од донесување урбанистичко планска документација за реализација на Законот за постапување со бесправно изградени објекти, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.2477/1 КО Коњско, кој што објект е надвор од урбанистичка документација.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е извод од планска документација.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-9609/12** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.06.2016 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**